ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Извештајот на "DOING BUSINESS 2014" на Светска Банка, укажува на тоа дека позитивните ефекти во подобрувањето на деловната клима од аспект на подобар пристап до кредити, може да се одржат со дополнување на Законот за договорен залог, што ќе овозможат проширување на заснованиот залог и врз плодовите на предметот од кој потекнуваат, а ќе се затекнат во времето на реализација на залогот.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за дополнување на Законот за договорен залог се заснова на истите начела како и Законот за договорен залог.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за дополнување на Законот за договорен залог не предизвикува финансиски последици врз Буџетот и другите јавни финансии.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на законот не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ

Член 1

Во Законот за договорен залог ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2003, 2/2005, 87/2007, 51/11 и 74/2012) во членот 7 се додава нов став 2 кој гласи:

" Ако предметот на залог дава плодови, предмет на залог се и плодовите, освен ако со договорот за залог не е поинаку предвидено."

Член 2

Во членот 27 се додава нов став 3 кој гласи:

"Ако предметот на залог дава плодови, заложното право се протега и на плодовите кои ќе се затекнат во времето на реализација на залогот, освен ако со договорот за залог не е поинаку предвидено."

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊА НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на законот за дополнување на Законот за договорен залог содржи три члена.

Со членот 1 се дополнува членот 7 од постојниот закон со нов став 2, во кој се предвидува дека доколку предметот на залог дава плодови, залогот се однесува и на плодовите, доколку со договорот за залог не е поинаку определено.

Со членот 2 се дополнува членот 27 од постојниот закон со нов став 3, кој предвидува дека доколку предметот на залог дава плодови, заложното право се протега и на плодовите кои ќе се затекнат во времето на реализација на залогот, освен ако со договорот за залог не е поинаку предвидено.

Во членот 3 од Предлогот на закон се определува дека законот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија во законот се меѓусебно поврзани и се во функција на подобрување на деловната клима во Република Македонија.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија се овозможува поголема правна сигурност на доверителите.

ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ
("Службен весник на Република Македонија" број 5/2003, 4/2005,87/2007, 51/2011 и 74/2012)
ШТО СЕ МЕНУВААТ

Член 7

Залог може да се заснова и врз иден предмет.

Член 27

Заложниот должник е должен предметот на залогот да го користи со внимание на добар домаќин, односно добар стопанственик и да го чува и одржува осигуран од сите ризици за тој вид на предмет.

Ако предметот на залог дава плодови, плодовите по одвојувањето заложниот должник ќе ги задржи за себе, ако со договорот поинаку не е предвидено.